# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од петтото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 13 февруари 2001 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 14,45 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам службите да утврдат точен број на присутни пратеници во салата.

Ве молам седнете си на своите места, имаме 61 пратеник.

Продолжуваме со работа по 66-та седница на Собранието на РМ.

Пратениците Љубисав Ивнов-Ѕинго, Горанчо Лазов ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Службите утврдија дека имаме 61 пратеник, констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Ве потсетувам дека на последното продолжение на седницата Собранието не го усвои амандманот на Глава XXIV во тарифните ознаки 2401 10 60 10, 2401 10 60 20, 2401 10 60 30, 2401 10 60 90, 2401 20 60 10 2401 20 60 20, 2401 20 60 30 и 2401 20 60 90, поднесен од пратениците Жарко Караџоски и Трајко Гешоски.

Пратеникот Жарко Караџоски изрази сомневање во резултатот при гласањето и побара поименично гласање.

Бидејќи по барање на министерот за финансии ја прекинавме седницата, го молам пратеникот Караџоски дали останува на барањето за поименично гласање? (не,се повлекува).

Отворам претрес по амандманот на глава XXVII за додавање нова тарифна ознака 2710 09 39 00, по тарифната ознака 2710 00 37 00, и на глава XXVII за бришење на тарифните ознаки 2710 00 39 10 и 2710 00 39 90, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава XXVIII на тарифната ознака 2815 12 00 00, поднесен од Комисијата за стопанство.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава XXXV по тарифната

ознака 3506 10 00 00 и на глава XXXIX од тарифните ознаки 3916 10 00 00, 3916 20 10 00 , 3616 20 90 00 и 3925 90 10 00, поднесен од пратениците Васил Гацоски, Крале Спанчевски и Гоце Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава 40 за додавање три нови тарифни ознаки по тарифната ознака 4012 20 10 00 и за бришење на тарифната ознака 4012 20 90 00, поднесен од пратеникот Ристо Спанаков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Во меѓувреме Владата на РМ поднесен амандмани на член 7 глава IV во тарифниот број 0401 во тарифните ознаки 0401 10 10 00, 0401 10 90 00, 0401 20 11 00, 0401 20 19 00, 0401 20 91 00 и 0401 20 99 00, глава XXVII по тарифниот под број 2710 00 по тарифните ознаки 2710 00 81 00, 2710 00 83 00, 2710 00 97 00, глава XXXIX по тарифниот број 2923 во тарифниот под број 3923 , по тарифниот под број 3923 30, по тарифната ознака 3923 30 10 00 и во тарифната ознака 3923 30 90 00 , глава 39 по тарифниот број 3926 по тарифната ознака 3926 30 00 00 , глава 84 во тарифниот број 8465 по тарифниот под број 8465 10 и на глава 87 по тарифната ознака 8702 90 90 00, за менување тарифниот број 8703 со сите тарифни под броеви и тарифни ознаки на именувања и царински стапки до тарифниот број 8704 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Горанчо Трајков поднесе амандман на глава IV во тарифниот број 0402, тарифниот под број 0402 21 и во тарифните ознаки 0402 21 17 00 и 0402 21 19 00, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Ѓорѓи Котевски поднесе амандман на глава XX по тарифниот број 2009 за бришење на тарифната ознака 2009 90 49

00 и царинската стапка 25+013 Л и за додавање тарифни ознаки 2009 90 49 10, 2009 90 49 90, во тарифниот број 2009 90 49 00 по тарифната ознака 2009 90 41 00, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Фатмир Етеми поднесе амандман на глава VIII по тарифните ознаки 0803 00 11 00, 0803 00 19 00, 0803 00 90 00, 0805 10 10 00, 0805 10 30 00, 0805 10 50 00, 0805 10 80 00, царинската стапка со министерот уште предвреме дека ќе се намали таксата. Тука се работи за подносители за барање на државјанство. Ние во овој момент или сега зборуваме за нешто друго. При поднесување на барањето односно доставување на барањето за државјанство да нема никаква такса, ни 20 долари, ни 10, ни 1 долар, туку таа такса да се намали дури тогаш кога ќе се достави позитивно државјанството за лицето, односно граѓанинот на Република Македонија што го бара. И тука е спорот. Гледам ние меѓу себе тука се дообјаснуваме и дополнуваме , меѓутоа, тоа е тоа. Барањето не е да се намали при доставување на барањето за државјанство, туку при добивање.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава VIII на тарифните ознаки 0803 00 11 00, 0803 00 19 00, 0803 00 90 00, 0805 10 10 00, 0805 10 30 00, 0805 10 50 00 и 0805 10 08 00, царинската стапка 30+016 евра по кгр. се заменува со стапка 30 а во тарифните ознаки 0805 20 10 00 0805 20 30 00 и 0805 20 50 00, 0805 20 70 00, 0805 20 90 00, царинската стапка 30 + 02 евра по кгр. се заменува со стапка 30, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Даши некој друг бара збор?

Има збор г-динот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Амандманот се предлага за претходните посочени царински стапка да бидат иземени прелевманите. Бидејќи фирмите што увезуваат јужно овошје односно трговските претпријатија што основна дејност им е увоз на јужно овошје и извоз на наши земјоделски производи се премногу оптоварени.

Како прво за добивање дозвола за увоз на јужно овошје фирмата е обврзана да има извоз на наши земјоделски производи, грозје,јаболка итн што мислам дека е добро, освен ова оптоваруваше што се поврзува увозот со извоз на наши земјоделски производи овие фирми имаат други преголеми давачки како на пр. се плаќа царина, данок плус прелевмани. Значи од двете страни фирмите што се бават со оваа дејност се преоптоварени и мислам индиректно се стимулира шверцот, бидејќи некои наши соседни држави со овие овошја се целосно ослободени од овие давачки, во некои држави се делумно, мислам на овој начин се стимулира шверцот.

Затоа предлагам на Собранието да ги укине прелевманите за јужното овошје. Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници, 61 пратеник гласале, од кои 15 за, 13 воздржани и 33 пратеника гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на глава XX по тарифниот број 2009 за бришење на тарифната ознака 2009 90 49 00 и царинската стапка 52 + 013 евра по литар и за додавање тарифни ознаки 2009 90 49 10 и 2009 90 49 90 во тарифниот број 2009 90 49 00 по тарифната ознака 2009 90 41 00, поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на глава XXVII во тарифниот под број 2710 00 во тарифните ознаки 2710 00 11 00, 2710 00 15 00, 2710 00 21 00, 2710 00 25 00, 2710 00 26 00, 2710 00 27 00, 2710 00 29 00, 2710 00 32 00, 2710 00 34 00, 2710 00 36 00, 2710 00 37 00, 2710 00 39 10 2710 00 39 90, 2710 00 41 00, 2710 00 45 00, 2710 00 51 00, 2710 00 55 00 2710 00 59 00, 2710 00 61 00, 2710 00 65 00, 2710 00 66 00, 2710 00 67 00 2710 00 68 00, 2710 00 71 00, 2710 00 72 00, 2710 00 74 00, 2710 00 76 00 2710 00 77 00, 2710 00 78 00, 2710 00 81 00, 2710 00 83 00, 2710 00 87 00 2710 00 88 00, 2710 00 92 00, 2710 00 97 00, за заменување на царинската стапка 20 од стапката 5 поднесен од пратениците Слободан Даневски и Љатиф Пајковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЛАТИФ ПАЈКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани претставници на Владата би сакал накратко да објаснам за што се работи.

Имено, со овој амандман се работи за намалување на предложените царински стапки на сите видови нафтени деривати и на сите видови моторни масла од 20%, се предлага царинската стапка да изнесува 5%.

Ова се предлага од причина што овие производи како репроматеријали недоволно се произведуваат во нашата земја, а се наменети за широка потрошувачка и за потребите на стопанството, а дел од нив и за производните процеси во хемиската индустрија.

Основната суровина, суровата нафта со царинска стапка од 0 и се уште подлежи на 1% царинска евиденција, до крајот на декември 2002 година. Во Република Македонија постои рафинерија АД Окта, како македонска компанија во која сопственици се грчките фирми Хелен Петролеум и Бетон и Етер како стратешки инвеститори согласно Договорот за купување на акции и концесија склучен помеѓу Владата на Република Македонија и ЛП "Балканика" од Кипар во која Хелени Петролеум како владина компанија има 63% акции, а Метон и Етер 37%.

Се поставува прашањето кого штитиме по овој основ со предложените стапки од 20%, ако се има во предвид дека со претходниот договор во делот на царините, член 8, компанијата и грчките партнери имаат договорено увозот на сите видови деривати да се извршува со 1%, а во членот 5 од Договорот е дадено и ексклузивно право кое од страна на Владата е легализирано со подзаконска одлука.

Според тоа предложениот амандман за намалување на стапките од 20 на 5% не е во спротивност со Договорот кој претставува чиста облигација, а како референца конспиративно е вграден во билатералниот договор особено во делот на преференцијалните царини, ексклузивитети, владина помош и други погодности што Собранието на Република Македонија го ратификуваше на 23 септември 1999 година. Овој договор се уште не е оперативен затоа што не е ратификуван и во Парламентот на Република Грција и до денешен ден се уште нема размена на известување. Република Грција покрај билатералната има и мултилатерална обврска како земја членка на Европската унија, подлежи на ратификација и со 14 земји членки и со Заедницата во целина.

Значи, некој свесно повикувајќи се во интерес на создавање на услови за нормално пазарно работење со опфатените производи работи спротивно на сите стандарди и обврски кои постојат во Европската унија и Светската трговска организација, за кои на големо се повикуваме и се стремиме.

Притоа укажуваме дека предложениот амандман исто така не е во спротивност и со Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европската Заедница и нивните земји членки особено во делот Глава IV - Слободно движење на стоки и поглавјето I - Индустриски производи.

Од овие причини на Владата на Република Македонија предлагаме да го усвои предложениот амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од 68 пратеници присутни во салата 62 пратеници гласале. 9 гласале за, 13 гласале воздржано и 41 гласале против. Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на Глава XXVII во тарифниот број 2711, во тарифната ознака 27 11 21 000 за заменување на царинската стапка 2 со "слободно",поднесен од пратениците Слободан Даневски и Латиф Пајковски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман од причина што за еден ваков амандман потребна е една поопсежна анализа од една страна, за да се видат финансиските загуби, а од друга страна царинската стапка од 2% навистина е ниска. На крајот, Владата има во план секоја година да врши ревизија на царинскиот тарифник, така што при крајот на годината планираме нова ревизија заради нова хармонизација на номенклатурата која што во Европската Унија се менува на годишна база.

Значи, јас би сакал овој амандман да го разгледаме повеќе и да го изнаализираме, па и Владата да го види, да ги видиме финансиските аспекти на евентуално прифаќање на еден ваков амандман од 2,0% за гасот.

Во овој момент не сум подготвен да прифатам еден ваков амандман бидејќи се работи за нешто што е од покрупна природа, не е нешто за кое би требало набрзина да се одлучи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Слободан Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседател, дами и господа пратеници, господин министер, Со овој амандман се предлага царинската стапка за природен гас од 2% да се замени со слободно,

што значи при увозот ќе се наплатува само 1% царинска евиденција. Со ова намалување се врши намалување, односно ослободуваше на директните корисници на гасот. Природниот гас воопшто не се произведува во нашата земја и од тие причини предлагам Владата да го поддржи овој амандман.

И во самото кажување на господинот министер беше кажано дека Владата нема некои сеопфатни анализи во делот на зафаќањето, но стои дека овој амандман се предлага од причини заради еден стимул, затоа што знаеме дека оваа материја е нова во Република Македонија и ако царинската стапка 2%, тоа значи и при така ниска стапка нема да се собираат којзнае какви средства. Ослободувањето ќе биде еден стимул, затоа што знаеме што значи гасот, знаеме што значи работа на гас, целото стопанство ќе биде ослободено и стимулирано. Од тие причини мислам дека министерот требаше да се согласи, да добие еден поен пред стопанствениците, а не да испадне го градевме гасоводот па да ни виси во воздух, затоа што целото стопанство ќе работи на гас, како на најевтин еренгенс во Република Македонија. Од тие причини мислам дека пратениците треба да гласаат за овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 61 пратеник 58 пратеници гласале.

11 пратеници гласале за, 15 се воздржани и 32 пратеници гласале против.

Молам службите да ги пребројат присутните пратеници во салата, (Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Еден пратеник недостасува, значи не важи ова гласање.

Молам повикајте ги пратениците нека влезат во салата за да можеме да продолжиме да работиме.

(Еден пратеник влегува во салата).

Сега имаме 61 пратеник.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 62 пратеника во салата, 56 гласале.

10 пратеници гласале за, 14 воздржано и 32 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на Глава XXIX, во тарифниот број 29 22 за заменување на тарифната ознака 29 22 000 со тарифниот под број 29 22 29 и за додавање две нови тарифни ознаки 29 22 29 001 и 29 22 29 00 90 ; во тарифниот број 29 24 тарифен под број 29 24 29 во тарифната ознака 24 29 90 10 и на тарифниот број 29 33 во тарифниот под број 29 33 59 во тарифната ознака 29 33 59 70 10, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Во меѓувреме пратеникот Горѓи Котев поднесе амандман на

Глава LXXXVII во тарифниот број 87 00 во тарифниот под број 87 08 40 за бришење на тарифната ознака 87 08 40 90 00 и царинската стапка 15 и за додавање две тарифни ознаки 87 08 40 90 10 и 87 08 40 90 90 во тарифниот под број 87 08 50 за бришење на тарифната ознака 87 08 50 90 00 и царинската стапка 15 и за додавање две нови тарифни ознаки 87 08 50 90 10 и 87 08 50 90 90 и во тарифниот под број 87 08 60 за бришење на тарифната ознака 87 08 60 99 00 и царинската стапка 15 и за додавање две тарифни ознаки 87 00 60 99 10 и 87 09 60 99 90 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на Глава БХХХУИ во тарифниот број 87 00 во тарифниот под број 87 08 40 за бришење на тарифната ознака 87 08 40 90 00 и царинската стапка 15 и за додавање две тарифни ознаки 87 08 40 90 10 и 87 08 40 90 90 во тарифниот под број 87 08 50 за бришење на тарифната ознака 87 08 50 90 00 и царинската стапка 15 и за додавање две нови тарифни ознаки 80 08 50 90 10 и 87 08 50 90 90 и во тарифниот под број 87 08 60 за бришење на тарифната ознака 87 08 60 99 00 и царинската стапка 15 и за додавање две тарифни ознаки 87 00 60 99 10 и 87 09 60 99 90,поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

После толку амандмани министерот ќе каже што значи овој закон, што носиме на стопанството и на граѓаните.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Ако нешто може да се каже дека дефинитивно со овие измени и дополнувања на Законот за царинска тарифа вршиме едно големо олеснување на македонската економија, како што споменав и претходно на над 4000 тарифни броеви, над 4000 стоки има

намалување на царината. Тоа намалување има вкупна вредност која што е поголема од 4 0 милиони германски марки од кои што средства државата се откажува, се откажува од нивното примаше во интерес на помагање на стопанството и во интерес на рамномерна конкуренција, намалување на сивата економија и развој на приватниот бизнис. Заедно со намалувањето на персоналниот данок, заедно со намалувањето на повеќе стоки кај ДДВ и вкупно земено во државата заедно со намалување на каматните стапки на банките, со донесувањето и на овој закон се создава еден поголем простор за развој на приватниот бизнис, за развој на малите и на средните претпријатија и воопшто една подобра атмосфера за работење на компаниите во Република Македонија.

Од таа причина му предлагам на Парламентот да ги прифати измените и дополнувањата на царинскиот тарифник на денешната седница.

Ви благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници 61 гласале и тоа:

57 пратеници гласале за, тројца пратеници се воздржани и еден пратеник гласал против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за царинската тарифа.

Минуваме на точката 16 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за именување и дополнување на Законот за административните такси.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 65 пратеници 61 пратеник гласал. 56 пратеници гласале за, тројца пратеници се воздржани и двајца пратеници гласале против.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од 66 присутни пратеници 59 гласале.

56 пратеници гласале за, тројца пратеници гласале воздржано и ниеден пратеник не гласал против.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дин претседател , пред да се изјасни Собранието на оваа седница да се разгледа предлогот за измени и дополнување, јас побарав збор од следнава причина. Овој предлог, всушност, како и сите други, беше на седница на Комисија на ЗПК и ако сте го прочитале извештајот, а претпоставувам ако не пратениците, барем службите го имаат прочитано, ЗПК не го подржа законот односно не добија поддршка измените и дополнувањата. Од тие причини ценам дека не е добро на оваа седница да се расправа и да се донесе законот , измените на законот за административни такси, а без мислеше односно согласност на ЗПК. Тоа би било преседан во работата на Собранието да се подржи измена на некој закон, а без позитивен исход односно мислење и став од страна на ЗПК, која се грижи за аспектите кои Вам, а се надевам и на пратениците Ви се познати во смисла на усогласеноста на одредбите на измените со закон и устав и во прилог на доизградба на правниот систем на земјата. Од тие причини мислам дека треба да не се брза и на оваа седница да не се донесе Законот , туку напротив, да се врати на доработка во Министерството односно Владата и повторно да расправа ЗПК. Откако ќе добие позитивно мислење односно став од страна на ЗПК, дури тогаш да може Собранието да го усвои. Ова јас го кажувам и во својство на известител од седницата на ЗПК по оваа точка за што ме предложи Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам само да Ви обрнам внимание дека г-динот Зибери се повикува на извештајот и на ЗПК и вели дека не треба денес да се донесува.

Не можев да го сфатам дали воопшто да не се донесува закон. Меѓутоа, овде во извештајот стои и тоа мене ми даде основа да го истераме заклучокот дека "Комисијата констатира дека има потреба од донесување на закон за административни такси". Значи, Комисијата оценува дека има потреба и

заклучокот е правилно донесен овде и не е негиран ставот на Комисијата.

Што се однесува до забелешката е на тарифниот број 4, но тоа е веќе расправа која може да се отстрани со амандман. Тоа е поединечно прашање и нега г-динот Зибери објасни, затоа што ние сега дојдовме до една ситуација каде постапивме во склад со заклучокот на комисијата, а сега натаму настанале спорови во Комисијата и да видиме во што се споровите. Спорот е по тарифниот број 4. Министерот нека ни помогне да видиме како да одиме. Ако е по текстот ние ќе дојдеме на текстот и може со расправа за евентуален амандман, таа работа да се расправи. А, ако е принципиелен спор дека не може, затоа г-дин министер јас би ве замолил , сепак, да почекате г-дин Зибери да ни објасни што е суштината на неговата забелешка. Примерот може да биде таков закон да не се донесе. Тоа не стои во извештајот на Комисијата. Напротив, мисли дека таков закон треба да се донесе. Да не се донесе во една фаза, да не се гледа истиот ден на иста седница и предлогот. Тоа е втора можна забелешка. Таква забелешка не стои во извештајот. Има само еден проблем околу тарифниот број 4. Процедурален проблем тоа не е. Таа е проблем на расправа по текстот. Кога ќе дојдеме до текстот, ако има амандман има, а ако нема , нема. Затоа, г-динот Зибери нека ни објасни.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дин претседател, доколку Вашата констатација би била точна, тогаш во тој случај и ставот на Комисијата по однос на предлогот за донесување би бил позитивен. Јас сакам да го читате извештајот на Комисијата докрај и во последниот став јасно укажува дека "при изјаснувањето Комисијата не го подржала предлогот . Предлогот на законот заврши и по истите се согласи повереникот на Владата при гласањето за предложениот закон, Комисијата со три гласа за, три гласа против и три гласа воздржани истиот не го усвои". Мислам дека е сосема јасно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не е за предлогот за донесување, туку за Предлогот на законот.

Дали го подржавме.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас затоа Ви обрнав внимание, ако треба нека оди во две фази предлогот, а не да се донесува денеска законот без поддршка на Комисијата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вака стојат работите, бидејќи г-динот Зибери по проверката овде се јавил после донесувањето на заклучокот кога ние го усвоивме Предлогот за донесување да се донесе законот, овој закон, тоа значи ние сме донеле одлука таков закон да се донесе и тука не можеме да се враќаме назад. Меѓутоа, после тоа се јавил пред јас да го поставам прашањето дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Тоа е прашањето на фази. Јас се извинувам, нормално, не го воочив неговото јавување, а правовремено е неговото јавување и ние би требало како Собрание сега да ја исправивме таа грешка во постапката, да немаме последици. Затоа, Ве молам ние ќе се вратиме сега и ќе му дадеме збор на г-динот Зибери.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот. Ние нема да минеме директно на гласање, туку го молам Зибери да објасни сега во целина што е проблемот и неговиот предлог. Предлогот е да се мине на две фази. Објаснете го Ве молам. Тој е известител и тој има право да каже. Но, потоа ќе каже и претседателот на Комисијата.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Г-дин претседател, почитувани колеги, јас намерно се јавив во следната фаза да интервенирам од причини што и ние не ја оспоруваме потребата од измени во Законот. Измените се потребни во одделни членови односно тарифи , но спорна е една измена, која според нас ја менува суштината на проблемот т.е. спротивно на праксата на измените во овој дел на законот се постапува поинаку односно во постапката за стекнување на државјанство се бара од лицата кој поднесуваат барање да се уплати административната такса во висина од 200 долари со чинот на поднесувањето на барањето , а не како што беше досега со донесувањето на актот за прием во државјанство односно со стекнување на статусот на државјани на Република Македонија, што е сосема различно. Мислам дека привиден е обидот на Владата преку намалување од 50-тина долари на висината на административната такса, а ја проширува структурата на лицата кои би ја платиле таксата во енормни граници секој граѓанин, без оглед дали ќе го добие решението за прием, треба да плати. Во праксата се соочуваме со следни проблеми. Едни исти граѓани се принудени по неколку пати да поднесуваат бараше за прием во државјанството. Што значи за колку пати ќе се пријави, тој толку пати треба да плати. Тоа е прво.

Второ, 90% од одбиените , ако не и повеќе барања за стекнување на државјанства се одбиени по основ на членот 7, точка 1, став 1, точка 7 од Законот за државјанство на Република Македонија, а тој член овозможува дискреционо право на органот т.е. Министерството за внатрешни работи да оценува дали ќе го удоволи барањето на граѓанинот и покрај тоа што ги исполнува сите услови за прием во државјанството, по однос на години на престој, по однос на решение станбено прашање, по однос на вработување и материјално финансиско одржување. Од тие

причини цениме дека би било штета и ќе ги загрозиме еден голем број односно слој на граѓани на РМ , кој без нивна вина се останати без регулиран статус на државјани на Република Македонија.

Второ, зачудува ваквата пракса на предлагачот зошто скоро во сите останати тарифи , уплатата на административната такса се бара откако ќе се удоволи барањето или ќе се добие решението или ќе се добие актот кој се бара со поднесокот односно со барањето упатено до дотичниот орган. Во овој случај се постапува спротивно.

Од тие причини цениме дека во најмала рака овој предлог треба да оди во две фази или да се повлече измената во делот на членот 1, точката 2, тарифен број 4 и да се врати поранешната формулација која гласи "за решение за стекнување на државјанство на Република Македо-нија или за решение за престанок на државјанство на Република Македо-нија, во случај кога се бара отпис од регистарот на државјани на Република Македонија".

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на г-динот Зибери.

За збор се јави г-динот Андоновски Кирил, претседател на Комисијата.

Само видете, по ова не можеме да расправаме. Овде имаме предлог да се промени постапката. Само да ни објасни. Значи по ова нема што да расправаме. не извести г-динот Зибери како овластен известител од Комисијата за тоа што е ставот на Комисијата. Ако има спор околу тоа, еве го г-дин Андоновски како претседател на Комисијата да видиме дали има забелешки на извештајот и на известувањето.

**КИРИЛ АНДОНОВСКИ:**

Почитуван претседател, ЗПК малку по обратен ред при изгласувањето при разгледувањето на текстот на предлогот на законот за административни такси , отиде. По завршувањето на општата расправа по Предлогот на законот и поднесување на амандмани со кој се согласил повереникот, при гласањето дојде до надгласување и се донесе вака како што се донесе. Меѓутоа, сакам да упатам односно да кажам и некое појаснување во врска со тоа дека ЗПК ги разгледува законите и другите акти дали се во согласност со Уставот односно друг акт ако е подзаконски дали е во согласност со Уставот и Законот и од таа страна ЗПК немаше приговори односно се согласи дека е тој во согласност со Уставот.

Исто така, ние ги разгледуваме актите, законите, дали има потреба од донесување на таков закон и исто така Комисијата констатира дека има потреба од донесување на тој закон. ЗПК ги разгледува и дали се заснова на начелата ако се работи за изменување и дополнување на истите начела на кои бил и поранешниот закон донесен. Исто така, констатирав дека се засновувана истите начела. Од тој аспект ние , бидејќи ги разгледуваме само од овие аспекти законите и другите подзаконски акти, ние во содржината не навлегуваме. Тие се матичните комисии кој го определуваат. Јас сметам дека овде се работи само за цената, само за вредноста. Дали треба 200 само за поднесување на барање или пак треба за добивање на решение за државјанство. Во тој правец требаше да се поднесе амандман, а не да не се прифати законот како целина.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, останува основното прашање, предлогот на г-динот Зибери како овластен известител од Комисијата овој закон да се гледа во две фази, за да се отстранат некои недоразбирања.

Министерот е предлагач, претставник на предлагачот овде, да видиме, ако тој го прифати, немаме ништо натаму. Ако прифати министерот немаме ништо натаму, ако веќе се изјаснуваме.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Како што беше спомнато во дискусијата главната и единствена веројатно, забелешка беше на тарифниот број 4, за кој што имаше дискусија околу износите. Во меѓувреме ние извршивме консултации со пратеници и со Владата и поднесен е амандман од пратениците кој што е прифатлив за Владата, со кој што драстично се намалуваат овие износи, 20 долари за барање и 80 долари за решение. За голем број од пратениците, барем колку што јас разговарав, тоа е прифатливо, а тоа е и главниот спор. Така, предлагам парламентот во една фаза денеска да го усвои со тоа што еве однапред кажувам дека овој амандман ќе биде прифатен од страна на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, не прифаќате две фази.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Не прифаќаме во две фази, најавуваме дека ќе прифатиме амандман со кој што ги менуваме износите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Сега, видете , ние по ова прашаше немаме што да се расправаме. Ова прашање тој не го прифаќа. Затоа предлогот на г-динот Зибери треба да го ставам на гласање. Деловнички само така може.

За збор се јави г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

И јас сум член на ЗПК. Одлуките на комисиите не се задолжителни дали го прифаќаат или не го прифаќаат законот така

да постапи Собранието. Комисиите се работни тела кои земаат свој став и даваат мислење. Овдека мислењето ниту е негативно, ниту е позитивно. Немаше согласност да се прифати како што е така. Собранието може да одлучува во секое време и кога ќе најде засходно.

Според тоа одлуката на ЗПК нема суспензивно дејство за работа на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, тоа го знаеме. И , сега, Ве молам, по ова не се расправа. Ако има дообјаснување за извештајот на Комисијата, ништо друго не може да се расправа по ова и изјаснувањето на министерот на Владата. Владата не прифаќа да оди во две фази, а предлогот на г-динот Зибери да оди во две фази. Затоа, предлогот на г-динот Зибери го ставам на гласање. (За збор се јавува Исмет Рамадани). Дали г-динот Исмет Рамадани е член на Комисијата. Да видиме што сака г-динот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Не знам, веројатно колегите тоа го знаат, г-дин претседател, имате уште еден негативен извештај , негативно каде што се изјаснуваат пратениците на Комисијата, а тоа е Комисијата за финансирање и буџет. Исто така, и во таа Комисија, еве да речеме, една од матичните комисии, овој предлог исто така не добил поддршка. И, мора да се објасни уште една работа. Најверојатно, се очекува дека со амандман кој е усогласен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Меѓутоа, ние како Собрание овде одлучивме овој закон да се донесе. Предлогот и проблемите за кои зборува сега господинот Рамадани се проблеми на текстот. Тие се отстрануваат со амандмани. Тоа е постапката која овозможува да Се отстрани, да се реши проблем итн. Меѓутоа, за да се дојде до тоа, потребно е да Се изјасниме, дали на оваа седница ќе го гледаме предлогот, не само предлогот за донесување, туку и Предлогот на закон, или ќе одиме во две фази. Ние Се изјаснивме дека на оваа седница ќе го гледаме и Предлогот на законот. Меѓутоа тоа го направивме со поддршка во процедурата, бидејќи јас Не го видов јавувањето на господинот Зибери. Ни уочија дека тој претходно се јавил и јас тоа го уважив.

Господинот Зибери предлага сега да се оди во две фази. Значи, Сега ние да престанеме да расправаме со него, да ја завршиме работата по овој закон. Ако Се усвои Неговиот предлог, тогаш така ќе биде.

Бидејќи јас го прашав претставникот на предлагачот, ако тој го усвоеше, ќе Се согласеше, немаше да има никакви спорови. Меѓутоа, тоа го заклучивме како постапка за која се определило Собранието.

Сега господинот Хисни Шаќири како член на ЗПК Се јавува за збор.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господнине претседател, јас тука гледам едно недоразбирање со господинот Насер Зибери, токму по овој закон.

И јас бев против донесување на овој закон, бидејќи претставникот на Владата тогаш по ниедна цена не прифати да има измени во членот 2, точка 2, тарифниот број 4. Меѓутоа сега во договор со министерот, бидејќи имаме измена на овој член и како таков мислам дека треба законот да се донесе во една фаза.

Ако господинот Зибери планира овој закон да оди во две фази, мислам дека ќе направи голема штета, поготово за оние граѓани кои уште го немаат регулирано државјанството во Република Македонија. Со сегашниот закон се плаќа такса од 250 долари. Со овие измени сега ќе се плаќа такса 100 долари, заедно со 20 долари за постапка и 80 долари за стекнување на државјанство. Мислам дека ова решение е многу поповолно отколку што тоа е регулирано со стариот закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас гледам дека тоа што се дискутирало во Комисијата сега се повторува. Ова веќе не е седница на Комисија и натаму нема повеќе да дадам збор на никому. Тоа што требаше да го разјасниме, ние го разјаснивме.

И известителот на Комисијата предлага ние сега да одлучиме да не одиме во една фаза туку да оди во две фази. Тоа е предлогот и по него треба да се изјасниме. Ние тој предлог веќе го имаме и не се расправа за тоа. За тоа го прашавме претставникот на Владата. Ако тој тоа го прифатеше, тогаш ќе беше се во ред и веднаш ќе одевме на едно.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Претседател, сакам да ми одговорите дали е во наш интерес и дали треба да ги земеме во предвид заклучоците од Комисијата.

Понатаму, ако не се битни известувањата од страна на комисиите, тогаш дајте и за другите работи да не заседаваат комисиите. Вие знаете дека за аферата за прислушување ние чекаме да заврши Комисијата, па да ја почнеме седницата на Собранието. Ако за Вас не се битни седниците на комисиите, кажете, господнине претседател.

Ние имаме заклучоци од една многу значајна комисија. Тоа е ЗПК. Плус тоа имаме заклучоци и од страна на матичната комисија, Комисијата за финансирање и буџет.

Ве молам, господине претседател, анализирајте ги малку подлабоко овие заклучоци, овие извештаи од страна на комисиите.

Јас морам да демантирам невистинити искази искажани тука во ова Собрание. Знаете зошто?

Тука се работи, односно го имаме и предлогот за измена и дополнување на Законот за административни такси. До мене ова е стигнато. Во овој предлог пишува 200 долари за постапка за стекнување на државјанство. Тука јас не гледам ни 20 долари, ни 100 долари, тука гледам 200 долари. Меѓутоа, ако го гледаме и изводот, тоа значи претходниот закон, или сегашното актуелно решение, пред измените и дополнувањата, пишува дека ќе се платат 250 долари, ако се стекне со решение за стекнување на државјанство на Република Македонија. Разликата е огромна господине претседател. Разликата е во тоа.

Јас се согласувам со сите тие пратеници што Ќе се ангажираат да се намалува овој износ на 20 долари и 100 долари, меѓутоа тој износ да се плати со решение, по добивањето на решението. Јас ќе навлезам малку и понатаму. Имено, граѓаните на Република Македонија кои останале без

државјанство се исклучиво меѓу мнозинство Албанци, кои при своето барање во МВР, за стекнување на државјанство се одбиваат по членот 171 по кој дискреционо право има МВР или министерот, без никакво образложение. Тие луѓе даваат по 10 или 15 пати барање за стекнување државјанство. Сега и 20 долари да биде, ако некој, еве јас имам пример, бидејќи сум и член на таа Комисија каде имам и поплаки, значи, ако некој 15 пати дава по 20 долари, тоа се 300 долари при постапката. Затоа јас мислам дека е многу важно оваа работа да оди во две фази. Ако ова оди во две фази, не е на штета на самите граѓани на Република Македонија, туку ќе биде од нивна корист. Затоа јас мислам дека и Владата треба да го прифати овој наш предлог. Како прво Вие како претседател на Собранието треба да ги имате на увид сите извештаи на комисиите. Вие имате два извештаи, од ЗПК, која е многу значајна комисија, која ги усогласува законите со Уставот и имате од Комисијата за финансирање и буџет, матичната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сакам да Ви објаснам. Комисиите се работни тела на Собранието. Тие на Собранието му предлагаат, а Собранието одлучува. Никој во име на Собранието не може да одлучува, туку Собранието одлучува.

Второ, спомнатата комисија за која велиме дека работи и ја чекаме да заврши, таа со закон е овластена да работи и тоа да го прегледува и таа е различна од другите комисии кои се само со Деловникот работни тела.

Трето, извештаите на комисиите благовремено се поделени и јас ги имам. Меѓутоа, претседателот не смее да одлучува дали тие извештаи ќе бидат почитувани, ќе бидат усвоени, ќе влијаат или нема да бидат земени предвид. Тоа право го има Секој пратеник. Затоа тие извештаи се делат на сите пратеници и тоа се остварува со гласање. А бидејќи тие извештаи ги има и министерот, затоа го прашав и министерот, дали министерот се согласува со предлогот на господинот Зибери да го примениме овде донесувањето на актот во две фази. Ако тоа се усвоеше од страна на предлагачот, ние нема да имавме никаков проблем, туку натаму ќе си одеше во две фази, и заклучокот ќе беше поинаков, во втората фаза предлогот да го подготват така, така и така. Бидејќи тоа не се случи ние сега немаме ништо друго, немаме друга можност. Имаме ние тука пријавени за збор Јордан Бошков, Фатмир Етеми и Хисни Шаќири, а јас сакам да Ви кажам дека Вие меѓусебе сега ќе се расправате. Меѓутоа, сега нема никаква основа за расправа. Ние сега мора да донесеме одлука дали се прифаќа предлогот на господинот Зибери или не се прифаќа.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Некој работи треба да се прецизираат.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема попрецизно од ова што јас го давам.

Јас сега знам, Вие не сакате да биде последно неговото, туку да биде Вашето последно.

Меѓутоа, да се разбереме. Сега, ако одлучиме да се усвои предлогот на Зибери, господинот Шаќири може да направи конференција за новинарите и да објасни зошто не е добар тој предлог. Ако не се усвои, господинот Зибери може да иде надвор и да каже на новинарите дека неговиот предлог е добар, но не се усвои заради тоа и тоа. А дискусијата по текстот ќе се врши тогаш кога ќе дојдеме на расправа по текстот. Тогаш ќе му одговорите на господинот Зибери и господинот Зибери ќе Ви одговори Вам. Сега ако ви дадам на Вас збор, ќе морам и на него да му дадам.

Одиме на гласање.

Предлогот на господинот Зибери е да одиме во две фази со овој закон.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Веќе сме се изјасниле за таа работа кога го утврдувавме дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Нема врска тоа. Тој има право секогаш да предложи.

Минуваме на гласање.

Од 69 присутни пратеници, 64 гласаа.

За гласале 10 пратеници, воздржани тројца и против гласале 51 пратеник.

Констатирам дека предлогот на господинот Зибери не е усвоен.

Со тоа важи нашето гласање што го констатирав, на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Независно од тоа како течеше разгледувањето на деловничките односи, јас сметам дека исказите во насока дека административните такси, при истакнување на македонско државјанство се високи, не се на место. Споредено со други држави каде што развојот на нивната економија се на многу високо ниво, тие такси некаде се повисоки од македонските, некаде се пониски. Веднаш да се заклучи дека таксите во Македонија отскокнуваат од тоа што е пракса во Европа, не може да се направи. Тоа е првата забелешка.

Втората забелешка, по однос на стекнување на македонско државјанство, ние веќе имавме при различни документи или законски предлози можност да ги слушнеме и податоците. Од поднесените барања за стекнување на македонско државјанство, според валидните информации од ресорното министерство, над 96% одговараат позитивно. Ние имаме многу ретка ситуација, залудно да се плаќа таа административна такса, за процесирање или за обработка на поднесеното барање.

Јас би замолил оваа информација од МВР соодветно да биде валоризирана и презентирана во јавноста, да не сметаме дека државата на непримерен начин собира арач. Тоа во Република Македонија не се одигрува, па ни барањата за стекнувања на македонско државјанство.

Јас мислам дека во нашата расправа не може да се донесуваат ставови како мноштвото поднесени барања завршуваат во корпа или со одбив, а пак граѓаните плаќале давачки. Тоа не е така. Тоа е поинаку. Добро е бројките прецизно да се прикажат. Мене не ми се допаѓа што во текот на седницата вакви податоци се изнесуваат и се добива сосема искривена слика.

Точно е тоа дека во членот 7, кај нас, една од ставките или од прописите за да се стекне македонско државјанство, гласи 15 години. Но, исто така точно е дека грото државјанства се доделуваат по основ на склучен брак. А барањата за стекнување на државјанство по однос на години на престој, скоро и да ги нема. Би молел тоа да биде уважено. Во тој правец и сакам овој пат да се вклучам во расправата.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Бошков.

За збор се јави господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Господине претседател, прво морам да констатирам дека непринципиелно ја водите расправата. Имате двоен аршин за исти прашања.

Кога има прашања на дневен ред за кои сакате да се расправат и да се усвојат, тогаш не ви се битни ставовите на комисиите, а кога се на дневен ред или се сака да се стават на дневен ред прашања за кои Вие имате негативен став, тогаш не дозволувате истите точки да се утврдат на дневен ред и да се отвори расправа. Тоа е еден еклатантен пример како ги одбивте ставовите на две комисии, матичната и ЗПК.

Второ, многу добро се изрази господинот Јордан Бошков. Ова е невиден арач Вие со оваа пракса ќе ги депримирате и ќе им оневозможите на граѓаните да поднесуваат барање за стекнување на државјанство. Но, бидејќи така одлучивте, Ве молам да дадете пауза да поднесеме амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Првиот дел од излагањето на господинот Зибери беше од деловничка природа и тој си образложи што смета за принципиелно, а што непринципиелно во моето водење на седниците. Морам да ви кажам дека тоа го одбивам како неоснован приговор.

За тоа, бидејќи сега тој имаше намера да се одложи ова, не подготви амандман, сега бара пауза, за да подготви амандман. Ние пауза мора да дадеме. Паузата ќе биде 15 минути, колку што е потребно да се изготви амандманот.

Предлагам пауза од 15 минути.

(Паузата претседателот ја даде во 16,05 часот.)

(пауза од 16,05 до 16,55 часот)

Седницата продолжи со работа во 16,55 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

63 пратеници се присутни во салата, продолжуваме со работа.

Го почнавме општиот претрес.

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Хисни Шаќири, Назми Кадриу, Мухамед Таири, и Јонуз Абдулаи поднесоа амандман на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Хисни Шаќири, Назми Кадриу, Мухамед Таири, и Јонуз Абдулаи поднесоа амандман на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Горанчо Лазов поднесе амандман на член 2 точка 2 со кој се менува тарифниот број 4, во потточка 1 и на потточка 2, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Билал Љутфии поднесе амандман на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4 во потточката 1, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Фатмир Етеми, Илјаз Халими и Хисни Шаќири поднесоа амандман на член 2 точка 2 и за додавање нова потточка 1-а по потточката 1 и на потточката 2. по кој Владата не се произнела.

Пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани и Оломан Сулејмани поднесоа амандман на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Кирил Андоновски поднесе амандмани на член 1 и член 2 во тарифниот број 24, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 со кој се менува тарифниот број 4 во потточката 1 и на потточката 2, поднесен од пратеникот Горанчо Лазов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 70 присутни пратеници 62 гласале, од кои 3 гласале за, 9 гласале воздржано и 50 пратеници гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4 поднесен од пратениците Хисни Шаќири, Назми Кадриу, Мухамед Таири и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Го повлекуваме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4 поднесен од пратениците Хисни Шаќири, Назми Кадриу, Мухамед Таири и Јонуз Абдулаи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Го повлекуваме овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Го повлекуваат и овој амандман.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2, за менување на тарифниот број 4 во потточката 1, поднесен од пратеникот Билал Љутфии.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 точка 2 за додавање нова потточка 1-а по потточката 1 и на потточката 2 поднесен од пратениците Фатмир Етеми, Илјаз Халими и Хисни Шаќири.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Кирил Андоновски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отварам претрес по амандманот на член 2 точка 2 за менување на тарифниот број 4 поднесен од пратениците Насер Зибери, Абдулади Вејсели, Исмет Рамадани и Оломан Сулејмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Дали некој бара збор?

Има збор г. Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Навистина не можам да ги разбирам мотивите зошто не се прифаќа овој амандман кој, патем е сличен со еден претходен кој беше прифатен со една разлика за која предлагачот должи појаснување. Зошто во предлогот на измените на законот за сите тарифи административната такса се плаќа откако ќе се стекне правото. Исклучок се прави само за приемот во државјанство на Република Македонија. Патем ќе ви ги прочитам, освен прашањето за државјанство за кое за постапка се бара плаќање на административна такса тарифен број 12 вели 'за акт врз основа на кој се стекнува правото" тарифен број 21-а 'за одобрение" тарифен број 21-6 'за издавање уверение" тарифен број 23-а 'за уверение"итн. итн. Зошто се прави исклучок само кога е во прашање приемот односно стекнувањето на државјанство на Република Македонија.

Мислам дека со ваков не примерен акт, некој тука од колегите го нарече арач, ќе нанесеме голема штета на граѓаните за што ќе ги принудиме односно ќе ги оневозможиме да поднесуваат барање за прием во државјанство, а дотолку повеќе ако се знае дека од поднесените барања над 90% се одбиваат, што значи ќе се изложат на големи трошоци без потреба, без притоа органот да се произнесе позитивно.

Од тие причини ние со амандманот бараме административната такса која изнесува 80 долари да се уплати откако ќе се добие известување од органот дека ги исполнува условите за стекнување државјанство односно откако ќе оди во органот да го добие решението со кое се стекнува со право за државјанство на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор министерот за финансии.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Беше побарано објаснување зошто овде се става една мала административна такса во случај на поднесување на барање. Беше побарано објаснување зошто е тоа така.

Тоа е затоа што во случајот на поднесување на барање за државјанство МВР има многу повеќе трошоци отколку е во другите случаеви. За да го донесе барањето без разлика дали одговорот е позитивен или негативен Министерството треба да направи голема анализа, големи испитувања, да комуницира со многу институции, од многу институции да побара мислење и одредени детали за да го донесе барањето кое на крајот понекогаш е негативно, а сепак трошоците се направени.

Од таа причина оставивме да прифатите 20 долари да биде само барањето доколку не се прифати барањето останува на 20 долари, а доколку се прифати се доплаќаат уште 80 долари.

Да потсетам дека со денешниот акт прифативме намалување од 250 долари на сто долари и тоа е големо намалување за оние кои добиваат решение, а сосема се мали издатоците за оние кои ќе поднесат барање, а нема да добијат позитивен одговор од причина што, уште еднаш ќе повторам, целата постапка чини и ова е само покривање на трошоците ништо повеќе од тоа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г. Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам.

Господине претседател, дами и господа колеги, 6и сакал да само да појаснам претходно кога зедов збор јас на никаков начин не кажав дека во Република Македонија се собира арач од граѓани. Едноставно според расположливите податоци од ресорното министерство 97% од поднесените барања за стекнување македонско државјанство се одговорени позитивно. Дали е ова валиден податок, валидна информација, јас не можам на памет да го знам или јас да тврдам, но јас тоа го дознав во расправа на Комисијата за надворешна политика. Сега не си спомнувам за каков Предлог-закон тогаш водевме дебата, но податоците се веродостојни односно се изнесени од МВР.

Инсистирањето таксите и вакви постапки да се намалат во голем обем еве нека е и 100 долари или 80 долари или не знам како се расчленува тоа сега, јас не можам да видам дека се поткрепени од реалноста. Само би укажал на Собранието дека еве за добивање Канадска виза се уплатуваат околу 1000 ДМ без никаква гаранција дека ќе се добие визата. Тие уплатени средства за кандидатот се веќе пропаднати, тој не може да ги бара парите назад. Јас не знам зошто упорно се создава амбиент дека овде државата прекумерно ги казнува граѓаните и дека собира преголеми давачки.

Би сакал од владино место да се каже јасно, па еве и во текот на оваа расправа дека при вакви постапки за стекнување македонско државјанство не се собира арач.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Благодарам претседател, процедурата за стекнување државјанство претставува управна постапка која ја врши органот кој врши јавно овластување и нормално при секоја друга постапка и управна постапка се плаќа административна такса. Се плаќа за огромен број претставки, барања, жалби приговори, молби итн. Ова прашање не е спорно дали да се плаќа административна такса или не, туку е во прашање нешто друго, во прашање е зошто само во еден сегмент на управната постапка се врши исклучок односно се прави исклучок кој најсигурно ќе ги погоди најсиромашниот слој од причина што тој слој кој се смета дека не е сиромашен веројатно ќе се снајде, не се ништо 20 долари кои однапред ќе ги уплати, туку воопшто не е прашање исходот на постапката што некој ќе прими пари во џеб и ќе ја заврши работата. Мислам дека најголемиот слој од луѓето особено луѓето пензионери треба претходно без оглед на исходот на постапката 50% од пензијата да ја даде, а воопшто да не знае каква ќе биде завршницата на постапката.

Оттука се поставува прашањето зошто нешто вакво се предлага односно што е целта на ова. Сето ова останува во доменот на шпекулациите.

Во однос на трошоците кои беа изнесени тука наводно дека МВР има поголем обем на работа затоа би требало таква цена на административни такси, но мислам дека тоа не држи од причина што имаме многу покомплицирани управни постапки дури постапки на кои се води експертиза, па сепак тоа се надоместува од страна на државата.

Мислам дека е тоа спротивно на Уставот и Законот дури спротивно на општите начела на управната постапка, јас знам дека министерот како економист нема полагано испит Управна постапка, тоа е огромен испит и многу тежок, а министерот немал таква можност да знае што е Управна постапка и затоа нема професионална компетенција да дава или да не дава согласност на амандманот.

Мислам дека секој нормален Уставен суд кој резонира правно, веројатно оваа одредба од Законот ќе ја прогласи како неуставна.

Молам да се прифати амандманот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г. Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Мојата интервенција е сосема кратка. Сакам само да појаснам дека решението за стекнување на државјанство според управната постапка не спаѓа во редот на таканаречените врзани управни кати за кои органот што одлучува за управната работа треба да прибави некое мислење од друг орган или треба да прибави некаква согласност од некој трет орган или да прибави некакви податоци од некој четврт орган.

Едноставно се работи за акт кој барањето за издавање се поднесува во МВР и сите управни дејствија сврзани со издавањето на овој акт се вршат во рамките на истиот орган затоа што органот нема потреба да бара на пример од Министерството за шумарство нешто или екологија или за култура.

Според тоа, воопшто не стои образложението дека постапката за издавање на овој управен акт предизвикува поголеми трошоци во однос на трошоците што ги предизвикуваат другите управни акти. Едноставно се работи за некој волунтаризам некому му текнало, бидејќи оваа такса првично беше 500 долари, па 250 долари, сега 100 долари или 80 долари, не знам колку се предлага, сега намалувањето е многу големо. И да остане 100 и да остане 80, останува впечатокот дека е непримерно да се плаќа такса заедно со барањето за издавање на тој документ односно пред да се издаде тој документ.

Оттука сметам дека Владата односно министерот има право да го промени мислењето затоа што нема ниту еден релевантен пат да го поткрепи ова што претходно го рече.

Јас не сакам да ги заварам пратениците тука, меѓутоа можам да ви набројам неколку врзани управни акти кои предизвикуваат големи трошоци, а за кои се плаќа нормална административната такса.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:** (Продолжение)

Затоа или најдете некоја добра причина, или кажете ја вистинската причина, но да не се служиме со аргументи кои што не стојат и притоа некој да стекнува впечаток дека овие не се разбираат многу во право, не се разбираат многу во постапка па ги излажавме итн., или едноставно ќе им речеме на пратениците од мнозинството да гласаат за нашиот предлог па другите како сакаат.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседател, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Бидејќи на дневен ред е за државјанствата и јас би сакал нешто да кажам и министерот да го земе предвид, затоа што 80 долари и 20 долари, тоа се 100 долари да биде таксата.- Тоа е многу тешка ситуација, можеби за некого тие 100 долари ништо не значат, за некого за ромската популација многу значи. Оние што немаат средства и што се обраќаат до мене, имам еден куп, можам и да ви ги доставам ако сакате, тоа се околу 500 досега од цела Република кои бараат државјанства, или што имаат одобрено а треба да платат досега 250 долари, а тие немаат ни 10 долари да платат. Тоа се големи социјални проблеми. Тоа треба да го земете предвид и мислам дека министерот, како и сите пратеници

треба да го земете во најголем предвид, затоа што сиромаштијата е многу тешка. Оние што немаат немаат, оние што имаат имаат, можат да платат и 1000 долари и 2000 долари. Тие што имаат треба со благовест да го примат тоа државјанство и да извадат 2000 долари или 3000 долари ако имаат да го платат, ама тие што немаат, овде треба да одлучиме за таа сиромаштија, што нема. Такви граѓани од ромска националност многу постојат, можеби и од друга националност има што немаат и не можат да одвојат средства за да дојдат до тоа државјанство. Не може да одвојат ни 20 долари, а не 100 долари. Одобрени се државјанствата, треба да ги превземаат, а немаат да платат. Доаѓаат кај мене во Собрание, јас во Собранието не земам полн личен доход, туку земам 30%, да земам полн личен доход секој месец од мојот личен доход ќе одвојам за три државјанства и за една година би излегло 36 државјанства да дадам на граѓани од мојот личен доход и би излегол овде да кажам дека од мојот личен доход сум ги платил. Затоа го молам министерот да изнајдете начин и сите пратеници да се излезе во пресрет на овие граѓани. Секогаш кога се бара нешто за ромите секогаш се одбива, а кога треба да се гласа, кога треба за избори, кога треба да се прави секогаш ме барате секогаш гледате на некој начин како да ме скарате и да ги добиете на некој начин од сите страни изборите, мислам да добивате гласови.

Ако некого ова не го интересира, мене ме интересира затоа што јас ги преставувам граѓаните од таа сиромашна националност. Оној ден не се изгласа законот за тие што го собираат ѓубрето по улици, што го чистат градот, што се плаќа, а камо ли за државјанството.

Ги молам сите пратеници, го молам министерот, ве молам сите не само за ромската националност, за социјалистите кои немаат средства, а пред се да се провери дека немаат за тоа да достават документ дека не работат никаде и да бидат ослободени од тоа плаќаше. Јас го молам министерот уште еднаш да сфати дека ова е многу сериозна работа, затоа што тој проблем мене ми е на глава, и на другите им доаѓа доста жежок товар на глава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Азис Положани.

**АЗИС ПОЛОЖАНИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници, во прилог на дадениот амандман јас сакам да се произнесам затоа што мислам дека има простор и министерот да размисли и да го прифати амандманот, бидејќи се работи, мотивирани сме од два момента.

Прво, принципиелно не се согласуваме кога треба да се плати некоја такса само за државјанството да биде однапред платено кога се доставува барањето. Значи тоа е едно принципиелно прашање и предмет на процедура, која правниците ја објаснија зошто е тоа така.

Од друга страна се поставува прашањето малку е. Значи беше повисоко па сега е малку па затоа да не се прави проблем. Јас тука сакав и од практичен и од овој аспект да кажам два збора, затоа што за некои што имаат секогаш е малку нешто, а тие што немаат навистина им создаваат проблеми и 20 долари. Зошто тоа го велам? Затоа што за да се поднесе барање, да се потполнат документи и да се достават за државјанство не е само еден документ да се достави, туку ќе требаа многу повеќе документи, а тие коштаат, почнувајќи од лекарското уверение, други уверенија, па разни изводи итн., и на тоа да се додадат секогаш комплицираните административни и други бирократски однесувања од страна на службениците, па затоа треба и адвокатски услуги да се плати, и којзнае уште какви не сервисни служби, мислам дека 20 долари не е така малку, затоа што ќе се дуплираат и триплираат, затоа што не се плаќаат само тие 20 долари, туку проблемот е што покрај тие пари ќе треба и други документи да се обезбедуваат кои се земаат дури и од истиот орган, пак се плаќаат и пак му се даваат на увид и за комплетирање на документацијата.

Од тој аспект мислам дека би било добро да им овозможиме на луѓето што ги плаќаат овие давачки поради обезбедување на тие документи и воедно укажуваме на тоа дека процедурата, и самите луѓе што се во секторите за внатрешни работи кои се занимаваат со таа работа да бидат малку порационални, да бидат блиски, појасни со странките и да не ги тераат секогаш да бараат услуги од адвокати, бидејќи сето тоа кошта и од тој аспект што тоа барање пет пати нема да се прифати можете да пресметате дали се малку 20 долари и плус сите други услуги и заврзлами што ќе се појават:: или не. Затоа да им оставиме на граѓаните таа мака што ја имаат со постојните документи и прибирање на документација и со овој амандман да не ги оптеретуваме уште со 2 0 долари ако сакаме да кажеме дека навистина со овие предлози на Владата од 250 долари, порано беше 500 па 250, сега се оди на 80 или 100, да биде тоа еден придонес кон олеснување на граѓаните. Вака навидум се гледа дека се олеснува, кога ќе се пресмета бројот на тие што бараат со бројот на тие што ќе земат државјанство од аспект на финансии мислам дека не ќе има некоја голема разлика. Мал ќе биде процентот на што ќе искористат од една таква одлука донесена на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, дали некој друг бара збор?

Има збор господинот Абдулади Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Ви благодарам господине претседател.

Јас се јавив за поддршка, а и сум предлагач на амандманот, меѓутоа, навистина треба малку посериозно да пристапиме на ова

прашање како Собрание, бидејќи тука има две работи.

Дали оваа расправа се одвара само во функција за подобрување на стандардот на граѓаните, или на штета на нив. Ние сме свесни тука и се јавуваме за збор со цел да им ја олесниме работата на тие граѓани на Република Македонија кои за нивна несреќа до ден денес се немаат стекнато со државјанство на Република Македонија.

Секој граѓанин кога ќе поднесе барање до Министерството за внатрешни работи за да се стекне со државјанство, во прилог на тоа барање ќе треба да достави и други документи, како што е лекарско уверение, кое се плаќа при секое барање, треба да достави дека е во работен однос, како и многу други додатни работи кои треба да стојат со самото барање. Ако се оди од страна на Министерството, а јас ќе го поткрепам тоа со некои сопствени аргументи, јас сум имал прилика да видам дека едно барање од страна на еден граѓанин е вратено од Министерството за внатрешни работи неколку пати, можам слободно да кажам седум осум пати, поради тоа што едно семејство сакало да се стекне со државјанство на Република Македонија, ама во тоа семејство имало еден кој ја загрозувал безбедноста и интегритетот, суверенитетот на Република Македонија и се одбиваат сите барања на целото семејство тоа семејство да не стекне со државјанство на Република Македонија. Сега таа постапка се повторува неколку пати, меѓутоа до тоа не може да се дојде. Сега ако сме во функција што повеќе пари да им земеме на граѓаните без разлика дали тие ќе добијат решение за државјанство на Република Македонија или не тогаш тоа води во друга насока. Тогаш треба да зборуваме во друга насока, меѓутоа тука сме и јас мислам дека министерот треба да го прифати овој амандман, затоа што од една страна се намалува износот а од друга страна секој што ќе поднесе барање со стекнуваше на државјанство на Република Македонија, при секое барање треба да достави 20 долари. Па ајде да направиме една анализа кој е стандардот на граѓаните на Република Македонија, со минимален личен доход од 6.000 или една просечна плата од 9.000-10000 илјади денари, при секое барање да плати по 2 0 долари. Јас имам и при мери за тоа дека многу барања се враќаат од Министерството за внатрешни работи поради членот 717, затоа што некој го загрозува суверенитетот, интегритетот на Република Македонија. Пати, тоа може и под наводници да го ставам дека наводно е можеби, а јас можам слободно да кажам и друг пример. Старица од 70 години не може да земе државјанство на Република Македонија поради икс причини и треба пет пати да се обр ти до Министерството и на крај ништо. Сега треба да направиме математика пет пати да поднесуваш барање за стекнување на државјанство по 20 долари, тоа се 100 долари и пак не си добил решение за стекнување на државјанство на Република Македонија. Затоа јас мислам дека нема ништо да им значи на Владата на Република Македонија при секое барање да се плаќаат и 20 долари, бидејќи ако одиме на другата страна да ја анализираме и другата страна, државните органи се обавезни самите да си бараат мислења од другите органи ако е потребно за некое барање. Тоа е и служба на самите органи, тоа е нивна задача, затоа што тие се финансираат од страна на Буџетот на Република Македонија, а за кој буџет давачките се од страна на граѓаните. Затоа ве молам , ништо нема да и значат тие 20 долари на државата, тие трошоци со Министерството за внатрешни работи ќе ги прави за да земе мислење од другите органи кои се во Министерството за внатрешни работи, тие и така ќе ги направат. Зарем за отворање на еден дуќан барањето, известувањето оди преку Министерството за транспорт и врски, меѓутоа тоа само си бара по службен пат и од Министерството за стопанство, Министерството за труд и социјална политика итн. Меѓутоа ако се стекне со право или со дозвола за отворање на еден локал тогаш се плаќаат и таксите кои треба да се платат итн. Или пак ајде да одиме по една друга логика. Сите граѓани на Република Македонија очекуваат да ги обезбедува Министерството за внатрешни работи, ајде сега јас да бидам безбеден па да плаќам на Министерството за внатрешни работи за да ме обезбеди мене. Не е така. Министерството за внатрешни работи па и сите други министерства, конкретно сега зборувам за Министерството за внатрешни работи и со устав и со закон треба да ги обезбедуваат сите граѓани на Република Македонија.

Јас затоа го молам министерот да најде за сходно да го прифати амандманот, бидејќи не е на штета на граѓаните туку е во корист на граѓаните на Република Македонија, а сите ние тука сме во таа функција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Чедо Петров.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Господине претседател, почитувани колеги мислам дека господата од ПДП го направија својот политички маркетинг пред својот електорат и не би требало повеќе да дискутираме за ова. Секоја држава си има своја такса. За една виза за излегување од Македонија за влез некаде плаќаме по не знам колку а сега за 20 долари и некој ан 6 месеци редовно си поднесува барања за државјанство, со тоа не се согласувам и мислам дека не треба да го прифатиме.

За подобрување на стандардот на граѓаните на Република Македонија, тоа не се граѓани на Република Македонија. Кога ќе го добијат државјанството тогаш можеме да дискутираме за стандард на граѓани на Република Македонија.

За процесот дали е доволно брзо, дали е оправдано или неоправдано или се одбива, тоа е друга тема и за тоа можеме да дискутираме на

друга седница, меѓутоа за висината на надоместокот мислам дека е сосема доволно намалено од 250 долари на 100 долари, со тоа што 20 долари се плаќа за секое барање, а 100 долари за добиено државјанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

За збор се јави господинот Хисни Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, навистина се работи за едно сериозно прашање кое е од интерес за граѓаните на Република Македонија. Гледам дека се води расправа само за 20 долари, ништо повеќе, бидејќи министерот го прифати амандманот за 100 долари, значи за процедурата 20 за барање и 80 за стекнато државјанство, вкупно 100 долари.

Кога се води расправа по оваа точка многу е интересно да се кажат некои работи што се важни за јавноста.

Граѓаните на Република Македонија за оваа проблематика од 1992 година до 2001 година за стекнување на државјанство плаќале 250 долари. Значи вкупно 9 години. Исто така во овој момент потребно е да се каже уште еден факт.

На почеток кога стапи на сила Законот за државјанство се плаќаше државјанство за постапката, за процедурата околу 50 ДМ меѓутоа во тој интервал на времето кога се плаќаше такса за постапката 50 марки не постоеше таксата од 250 долари. Не знам после колку време стапи во сила административната такса за стекнување на државјанство од 250 долари што беше голема сума за една категорија на луѓе меѓутоа од 1992 година до ден денес граѓаните беа принудени да ја плаќаат оваа сума на пари.

Имајќи го предвид фактот дека е потребно да се ослободат од оваа такса можеби се на се, и да се избрише сумата што е предвидена во амандманот на господата Насер Зибери, Абдулади Вејсели и Исмет Рамадани, ние ќе направиме еден многу позитивен чекор за нашите граѓани. Меѓутоа, јас гледам дека нема такво расположение и со оглед на фактот дека 80% од граѓаните кои не поседуваат државјанство на Република Македонија со чинот на донесување на Законот за државјанство во 1992 година само околу 20 барања сега има, исто така се намалува таксата за 70 и повеќе посто, мислам дека не е идеално решение, но во конкретниот случај може да се смета како едно оптимално решение за категоријата на луѓе што се социјално загрозени и немаат регулирано статус на државјанство.

Господа јас ќе гласам за овој амандман, нема никаква дилема, меѓутоа, јас сметам дека е потребно да се набројат сите овие факти и да се изнесат аномалиите кои беа внесени досега во овој закон и ние не сме имале никаква сила, или не сме нашле заеднички јазик досега барем да го измениме овој закон што се однесува до сумата на пари и сега ова законско решение мислам дека е поприфатливо и попозитивно од претходното.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Јас сакав да поднесам амандман за луѓето кои примаат социјална заштита но, бидејќи не бев тука луѓето надвор ми кажаа дека тоа веќе е решено, а би сакал и јавност ада знае. Имено, тие луѓе кои имаат социјална заштита преку Министерството за труд и социјална политика, доколку го потврдат тоа, дека се социјални случаи,ќе бидат ослободени од тие такси. Значи, работата е веќе решена преку Министерството за труд и социјална политика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор пратеникот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници.

Јасно ми е дека во Собранието Законот треба да претрпи измени и тоа, како што е наведено од група пратеници од ПДП со поднесениот амандман.

Многу граѓани од Република Македонија од распадот на Југославија па и до ден денес со тој документ уште не се здобиле, па тука се поставува едно прашање.

Има ли случаи Србинка мажена за Македонец во Република Македонија и обратно Србин за Македонка во Република Македонија, Црногорка или пак црногорец женет за Македонка, Хрват, Босанец или Словенец, кои до ден денес ова прашање го немаат регулирано. Може би има, меѓутоа тој број е многу мал.

Станува збор за голем број на граѓани од Република Македонија, од албанска припадност, наведена информација од 1995 година која даваше еден голем број од 126000. Информацијата беше подготвена кога господинот Фрчковски беше министер за внатрешни работи и таа информација беше на собраниска расправа. Од тогаш наваму тој број сигурно и расте, а во некои делови е и намален. Меѓутоа, да станува збор за граѓани на други држави, она што го рече претходниот дискутант, тоа не е точно. Тоа се некои) баби и над 70 години кои имаат на внучиња во Република Македонија. Тоа се дедовци кои исто така се од оваа возраст, кои имаат обилен број на внучиња во Република Македонија. До ден денес тие не можат да се снабдат со документ за државјанство на Република Македонија.

И она 20 долари, што еден дискутант го рече дека не е многу, ќе кажам, точно е дека не е многу, но, се поставува прашање, за пратеници или за членови на шест управни одбори. За нив тие 20 долари не се многу. За се друго, за обичниот граѓанин во Република Македонија кои

моментално колку средства и користи, па дури и социјални случаи, тие 2 0 долари се многу.

Овде имаше доста содржајни дискусии и дискусии лоцирани на научна основа. И тоа од господинот Абдурахман Халити и други. По таквите дискусии е излишно да се зборува од оваа говорница. Ние не настапуваме за маркетинг, туку настапуваме да ги заштитиме интересите на граѓаните на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Билал Љутфии.

**БИЛАЛ ЉУТФИИ:**

Господине претседател, дами и господа пратеници.

Зборуваме за една важна работа која ги мачи денес девет години нашите граѓани. Овие граѓани не се дојдени од никаде туку биле овде. Се случува во практиката татко да има државјанство, мајка да има а син да нема и обратно. Но, според мене најважно е правото за стекнување на државјанство кое се регулира со Закон за државјанство. И сите тие кои леат солзи за тие граѓани биле соучесници на гласање на тој закон. Но, ги поздравувам напорите, да им помогнат на оваа категорија на граѓани. И еве сите се наоѓаме во состојба, од двете неповолности, а тоа е, едното, тие граѓани да плаќаат по 250 долари и другото решение, помала неповолност $20_4$ + 80 долари, тоа се 100 долари.

Јас сум на мислење, бидејќи сите знаеме дека законот за државјанство е во процедура и аргументите, повторувам, аргументите што

држат дека повеќепати може да се повторува процедурата, значи, административните такси од 20 долари нема да се случува многу да се повторува, од причини што новиот закон што е во процедура има далеку поголеми олеснувања во однос на стекнување на правото на државјанство.

Апсолутно не сакам од грбот на тие граѓани што често пати и ни се обраќаат како пратеници во овој собраниски дом не сакам политички поени да земам на нивни грб. Јас ќе го подржам амандманот што беше прифатен и од претставникот на Владата односно министерот за финансии г-динот Груевски, од причина што не можеме да бараме од еднаш новитети, од проста причина што уште во почетокот им беше направена една неправда на тие граѓани па наместо да им се потврди државјанството, нашите претставници тогаш во овој законодавен дом биле пуштени во такви води од авторите на таквите закони, што дојде до тоа да се плаќаат 10 долари, потоа 250 долари и сега ние расправаме за 80 односно 100 долари.

Уште еднаш, да не бидам сфатам погрешно, јас ги почитувам залагањата на сите пратеници за да се намалат тие такси, но, тоа е тоа што се понуди од страна на Владата и ќе го поддржиме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Му благодарам на господинот Љутфии.

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседател, почитувани колеги.

Прво, со индигнација ги отфрлувам сите тие кажувања од поедини колеги кои нашите :заложби за подобрување на една ситуација, во овој случај можностите за доставување документација т.е. барање за добиваше на државјанство, сакаат до крај да ги банализираат односно да не стават во категорија на луѓе кои, еве тоа го правиме формално и го правиме само за некој, итн., секогаш тука повторувања, фраза, политички маркетинг. Едно е сигурно а тоа е дека ние сме претставници од различни партии и од различни националности и од различна, можеби категорија на луѓе. Може би некои бранат интереси на тие луѓе кои и мачки чуваат дома, и веројатно 20 долари ништо не им значат. Меѓутоа, еве ние се сметаме и претставници на тие граѓани кои и тие 20 долари тешко може да ги обезбедат за да достават барање за државјанство. Зошто го велам ова. Го велам ова затоа што некој се обидуваше граѓаните на Република Македонија со адреса на живеење во Република Македонија, кои при осамостојувањето на Македонија се нашле во Република Македонија, или има такви кои не се нашле во Република Македонија и тие воопшто не носат никаква вина за една политичка одлука, тогашна, наша, за осамостојување на Македонија. И ден денес, јас мислам тие дури и политички се малтретирани, со години, што и ден денес немаат државјанство, а да не зборувам и за материјалната страна, што можам да кажам дека се и економски истоштени луѓе. Зошто? Затоа што со години немале право на вработување, со' години не искористил никакви бенефиции од оваа држава, а се граѓани со точна адреса на Република Македонија, кои поради самата рестриктивност на законот за добивање на државјанство се нашле во една таква ситуација.

Што сакам да кажам со ова? Не треба да се банализира тоа дури и споредбата тука се правеше со граѓани кои бараат виза за Канада или виза за некоја држава, да се прошетаат итн. Мислам дека тоа е сосема за нешто друго и сосема друга категорија на граѓани кои во овој случај не можеме и не смееме да правиме, ако имаме малку доблест, да правиме и таква споредба. Бидејќи ние сметаме дека нашиот електорат, а секоја политичка партија и пратеник смета на својот електорат, сметаме дека 90 или 95% од тој наш електорат, тој дел што нема државјанство, треба да поднесат барање за добивање на државјанство, тогаш со право се ангажираме да им го олесниме тоа што значи барем доставување на барање за државјанство.

И кога сме тука, ние очекуваме нов закон за државјанство, т.е. измени и дополнувања на Законот за државјанство.

Многу добро се сеќаваат мои колеги кога јас доставив предлог за измени и дополнувања на Законот за државјанство. Тука имаше еден од моите колеги кои од таа говорница таму најави дека брзо и тоа сосема брзо ќе имаме нов закон за државјанство каде што многу ќе се либерализира и ќе има олеснителни околности за добивање на државјанство. Тоа беше скоро пред една година кога доставив закон. Помина година и сега и најавите и нацрт, или што да кажам, за новиот закон кој веќе некаде се подготвува , нема некои олеснителни околности, ниту има олеснителни околности со стандардите на тоа што го бара и Советот на Европа. И да се донесе таков закон со олеснителни околности и со стандарди кои овозможуваат по, начин што ние го велиме либерализиран начин да се добива државјанство, тогаш бројот на граѓаните кои ќе поднесат барање за стекнување со државјанство ќе биде доста голем. И тука веројатно се смета дека при самото доставување на барањето за државјанство, веќе нешто да се профитира, а се профитира од граѓани кои се категорија на

граѓани економски најистоштена, а 20 долари, тоа се некаде 1500 денари, а може би и нивните примаша сега се само 30 00 денари. Тоа значи тоа е пола нивно месечно примање. Значи, овие се аргументи, овие се моменти, дури и правно кажани, јас се извинувам но, го следев министерот, кога г-динот Алити објасни и правно како тоа треба да изгледа и дали држи аргументот да се земаат тие 20 долари, навистина жалам што министерот не беше седнат на своето место, разговараше, дури тоа и не го слушнав како најдобар аргумент за да не се бараат овие 20 долари,тоа се нашите аргументи кои сметаме дека треба да се почитуваат без разлика што имаме еден избрзан договор со министерот, да се прифати и амандман кој се прифати претходно. Меѓутоа, еве колегите веќе некако мислам го поддржуваат сето ова, од кога дадовме доста аргументи и веројатно треба да се прифати тоа што е најдобро, а во овој случај мислиме и тоа цврсто сме убедени дека најдобар аргумент даваме ние и треба да се прифати амандманот што го доставуваме во Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот пратеник Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Сметам дека проблемот што е поставен во однос на амандманот поднесен од моите колеги, навистина, претставува драстичен проблем, бидејќи сите држави во светот, па и нашата држава апсолутно треба да се ангажира да го реши проблемот околу процесите на државјанството во нашата држава.

Овие денови читам во весниците дека се уште во РМ постои една бројка од околу 10 0 илјади луѓе кои немаат државјанство. Меѓу нив постојат една голема компонента на луѓе кои се родени тука, живеат тука и се уште немаат државјанство. Една фамилија, во која сите членови имаат државјанство, единствено еден нивен член нема државјанство.

Во општина Куманово и во општина Липково, овие денови добив еден податок дека се уште околу 20 илјади луѓе немаат државјанство кои живеат тука, престојуваат тука, но немаат државјанство и не можат да ги користат нивните човекови права.

Заради тоа што државата, Владата и Парламентот постојат заради граѓаните, сметам дека овој проблем кој е мошне сериозен, навистина треба да се ангажираат, да се создаваат услови и можности, нивниот проблем да се реши во најкраток рок, затоа што тие се дистанцирани од општествените текови во нашата земја.

Сметам дека овој предлог, односно амандман треба да се прифати и во нашите наредни одови, треба што по итно да се реши.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор?

За збор се јави г-динот Абдуладил Вејсели.

**АБДУЛАДИ ВЕЈСЕЛИ:**

Мене навистина, ми е тешко дека г-динот Чедо Петров не е тука, да не можам да му реплицирам. Тој отиде до таа мера далеку, што тие граѓани што се без државјанство во РМ , ги смета како да не се граѓани на РМ.

Јас би му кажал вака: А не само нему, туку и на целокупната јавност. Тие граѓани кои до ден денеска останаа без државјанство во РМ, не останаа по нивна вина. Тоа еднаш за секогаш треба да го сфатиме сите ние. Ние порано живеевме во една заедничка држава, СФРЈ. По 90-те години РМ се осамостои. Тие без нивна вина останаа без државјанство. Затоа што, тогаш тие што беа граѓани на РМ , или на некоја друга република во Југославија, беа граѓани и на СФРЈ, или и на другите републики.

Јас не би сакал пратеник кој има голема одговорност, кој е вршител на јавна функција да ги именува тие луѓе дека не се граѓани на РМ. Јас и тука не се сомневам и немам некои дилеми, поради тоа што дотичниот пратеник не живее во средина, во која живеам јас . Не е од албанско потекло, заради тоа што тој живее во Радовиш, или не знам каде и нема такви проблеми кои ние ги имаме пратениците Албанци, со тоа што овие луѓе, овие граѓани, кои се без државјанство 95% се Албанци. Тука треба да ги расчистиме работите. Затоа ние бараме, без разлика на етничкото потекло, сите овде во Собранието , без разлика дали сме Албанци, или Македонци, треба да го поддржиме овој амандман , бидејќи е за добро на сите граѓани. Ние сите се залагаме, а имаше и претходни дискутанти кои се залагаа во таа насока, сите во РМ еднаш засекогаш ова прашање да се затвори, бидејќи тоа е на штета на сите нас тука што живееме. И другото прашање е дека не можеме тие граѓани да ги споредувами со

граѓани од некоја елитна класа. Уште една, немојте така да дискутираме дека за една виза плаќаме 100 марки, како што спомна и претходниот дискутант.

Меѓутоа, јас мислам дека треба да бидеме малку подостоинствени дека тие луѓе имаат мака 9 години по ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави г-динот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван претседател, почитувани дами и г-да пратеници.

Мислам дека и претходниот дискутант само по себе наметна едно прашање, по која вина останаа овие граѓани без државјанство. Се наметнуваат и ред други прашања. Тие останаа без државјанство, бидејќи нивната партија донесе закон 1992 год, многу рестриктивен за нив, а можам да речам и катастрофален , каде што 10 години мака видоа тие луѓе додека до ден денеска тие луѓе не добија државјанство. Тоа е првиот проблем.

Вториот проблем е дека ставот на таа партија , кога беше на сила преодната одредба првата година, таа партија не излезе пред јавноста со став. Фактички, народот го остави ни таму ни ваму. Затоа дојдоа и други проблеми.

Третиот проблем е дека  таксата беше 50 долари, па сега достигна до 250 долари.

Јас лично би прифатил да нема ни денар такса. Меѓутоа, треба да се почитува и тоа дека министерот прифати еден амандман , така што се намалува таксата од 250 долари на 20 долари на барање и 80 долари на врачување решение. Така што од 6 илјади предмети, кои што се сега во постапка , помножено по 250 долари, тоа се 1,5 милиони долари, односно 3 милиони марки. Само со тој амандман два и нешто милиони марки се намалени давачките на овие граѓани што им течат постапките.

Мислам дека не е добро секој проблем да се политизира и некои наши дискутанти мислам дека не беа спремни проблемот да го решат, туку едноставно, од ситуацијата политички сакаат да профитираат. Ние мислиме дека проблемот оптимално се решава со прифатениот наш амандман. МВР има простор за тоа, затоа што се покриваат трошоците со тие 20 долари и по врачувањето што се плаќа со решението 80 долари. Ова е едната димензија.

Втората димензија е Македонија е потписник на Европската конвенција за државјанство, потпишано на 6.XI.1997 година, што уште за жал, не е ратификувана од нашето Собрание. Мислам дека по потписот, по ратификувањето на оваа конвенција , треба да произлезе и новиот закон, што е во постапка во Владата на РМ, што мислам дека ќе биде полиберално и ќе се решаваат многу проблеми што не се решени. Ќе се укине дискреционото право на МВР барањата да ги одбива без образложение.

Мислам дека овој пат министерот го почитуваше членот 13 од глава IV од Европската конвенција за државјанство, каде секоја земја престапничка е обврзана да осигура дека таксите за стекнување отпуст и потврда за државјанство да бидат разумни и да не бидат пречка за баратели[1] за стекнување на државјанство.

На крајот, мислам дека оптимално решение е најдено, со што ќе го поддржам амандманот, предложен од ПДП, иако мислам дека не е искрено поднесен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Јордан Бошков.

**ЈОРДАН БОШКОВ:**

Благодарам г-дин претседател . Јас би сакал на г-динот министер да му се извинам, што придонесов за растегнување на дебатата. Ми се чини дека темата околу стекнување македонско државјанство заслужува да биде претресена тука, само не по оваа точка. Ако може да продолжиме со тоа што е на дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Г-дин претседател, искрено да кажам воопшто не сум среќен што некои дискутанти не се зафаќаат кон проблемот, односно суштината на проблемот, туку на ова прашање му се посветуваат периферно, во смисла тоа дали ова што се кажува маркетиншки одговара на мојата партија, или не, што мислам дека до крај е неодговорно, па дури би рекол и неморално.

Имено, не можете да обвинувате за нешто што не е направено пред 10 години, конечно не можете ни ден денеска да го направите. И по 10 години не можете да го направите, а ги напаѓате другите зошто не го направиле пред 10 години. Оваа структура е две години на власт. Немате морално право да обвинувате и да се навраќате на таков начин на претходните години. Ние секој имаме докази , ако се навраќаме назад, а сегашниот партнер, главниот партнер на коалицијата , тогаш бараше 15-20 години ефективно престојување во РМ , за да се добие државјанство.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За збор се јави г-динот Фатмир Етеми.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Ме чуди кој зборува за морал.

Прво, јас никогаш не можам да се согласам со него и неговата партија што го донесоа законот за државјанство 1992 година, со што останаа над 100 и кусур илјади наши граѓани, што се родени и живеат во Македонија без државјанство.

Второ, тој и неговата партија донесоа административна такса од 500 долари. Каде им е моралот? Потоа таксата е намалена на 250

долари Ние како партија стигнавме до 20 долари такса и со издавање на решение со 80 долари. Јас иако сум убеден дека тоа е реална такса, што може секо; наш граѓанин, што ќе поднесе барање да ги покрие тие финансиски трошоци.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Г-динот Амди Бајрам се јавува за збор.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Г-дин претседател јас кажав нешто , затоа што сега службите не информираа. Тоа значи важи само за граѓани кои имаат државјанство и кои примаат социјална помош. Има граѓани кои еден од членот прима, а другите не примаат. Фактички, тие граѓани бараат државјанство да добијат и затоа јас сега поднесувам амандман и доколку треба да се гласа, јас верувам дека мојот амандман ќе пристигне.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа не се однесува на овој амандман.

Г-динот Амди Бајрам ќе поднесе друг амандман.

По овој амандман бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од присутни 66 пратеници, 63 гласале, 14 пратеници гласале за, тројца се воздржале, 46 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои! амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 2 во тарифниот број 24 поднесен од пратеникот Кирил Андонов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сега ќе прекинеме по оваа точка ќе одиме по следната точка, бидејќи треба да го почекаме амандманот на г-динот Амди Бајрам.

Предлог за донесување на закон за утврдување и наплата на јавни приходи со предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам дали некој бара збор?(никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на законот за утврдување и наплата на јавни приходи.

Ве молам да гласаме.

Ве молам да утврдиме точен број на присутни. Овде сега гласале 51 пратеници, сите гласале за, меѓутоа треба да видиме колку има присутни.

Немаме доволно пратеници и ова гласање не важи.

Молам да влезат пратениците да можеме да гласаме.

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата и да си седнат на своите места да можеме да гласаме.

Молам да утврдиме точен број на пратеници присутни во салата.

Молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Имам известување од службите дека во салата има 61 пратеник.

Ве молам повторно да гласаме за заклучокот што го прочитав.

Сега се 62 присутни, 58 од нив гласале, 57 гласале за, никој не гласал воздржано, еден гласал против.

Молам повторно да утврдиме точен број дали гласањето важи.

(Се врши пребројување на пратениците).

Имаме 61, значи констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот? Ве молам да гласаме. Од 62 присутни пратеници 59 гласале и 59 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандмани на поднасловот пред член 1, член 3, во воведната реченица и на став 2, член 7 став 3, член 12 став 2, член 13 став 4, член 52 став 1, член 53 став 2, член 58 став 1, член 74 став 1 и 2 и на дел VI и завршни одредби по членот 74.

Пратеникот Милан Ставрев поднесе амандман за менување на член 75 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот пред член 1, поднесен од ЗПК.

Отворам претрес по амандманот на поднасловот пред член 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 во воведната реченица и на став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот ка Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 4, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 52 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 53, став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 58 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 74 став 1 и 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на дел VI и завршни одредби по членот 74. поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 75, поднесен од пратеникот Милан Ставрев.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 63 присутни, 58 гласале од кои 57 гласале за, еден воздржан, а против нема.

За да го констатираме резултатот, тој да биде валиден, молам да се утврди точниот број на присутни пратеници во салата.

(Службите вршат пребројување на пратениците во салата).

Имаме 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за утврдување и наплата на јавни приходи.

Сега се враќаме на претходниот закон.

Се враќаме на точката 16.

Пратеникот Амди Бајрам поднесе амандмани за внесување нов член 1 и за менување на членот 1 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за внесуваше нов член 1, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман не го прифаќаме, меѓутоа сакам да напомнам дека и во постојниот Закон постои можност за тие кои се во послаба имотна состојба, вадејќи уверение од Министерството за труд и социјална политика за тоа дека се во слаба материјална состојба да добијат ослободување. Така што, вакво нешто постои. Од таа причина не го прифаќаме бидејќи не сакаме да се дуплираме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор господинот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседател,

Тоа постои во Законот како за државјани кои примаат социјална помош. А овие кои не примиле државјанство и кои треба да го примат, од едно семејство, од една куќа, кои немаат средства, ова се однесува за нив. Ова е малку поинаку. Мислам дека би требало да се прифати, тоа е ист, сличен амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, уште еднаш погледнете не му е јасно.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Во постојниот Закон, јас спомнав, веќе е регулирана постапката за социјалните случаи, така што од таа причина не го прифаќаме

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вели дека е веќе регулирано, така што овде не може да биде. Овој амандман не се прифаќа, рече, бидејќи веќе е во Законот за државјанство е содржан.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го повлекувам амандманот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Амди Бајрам го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1, поднесен од пратеникот Амди Бајрам.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот број 2 го имаме во Законот. Сега го гледаме, го споредуваме, го има во Законот.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Го повлекувам и овој амандман.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот Амди Бајрам го повлекува амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 61 присутен пратеник во салата, 61 гласале од нив 59 гласале за, еден гласал против, а никој не гласал воздржано.

Молам, повторно да утврдиме точен број на пратеници во салата, се работи за закон. Очигледно еден не гласал.

(Се врши пребројување на пратениците). Навистина се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за административни такси.

Минуваме на 18-та точка од дневниот ред. - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнуваше на законот за игрите на среќа и на забавните игри .

Ве молам, да гласаме.

60 пратеници покажува мониторот , а 61 се.

Но пак ќе провериме 54 пратеници гласале. Од кои 54 гласале за, воздржани нема и против нема.

Молам да го утврдиме точниот број на пратеници во салата за да видиме дали важи гласањето.

61 пратеник има во салата.

Значи имаме кворум.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Ве молам гласајте, да не проверуваме постојано присуството.

Сега знаеме дека има 61 пратеник во салата.

Од 61 присутен пратеник во салата гласале 57.

57 пратеници гласале за, воздржани нема и против нема.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор.

Има збор министерот за финансии г-динот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ.**

Сакам да напоменам неколку работи околу законот.

Со овие измени и дополнувања на Законот за игри на среќа и

забавни игри се дава можност Република Македонија да може да приредува игри на среќа како држава доколку оцени дека тоа е потребно во иднина.

Со Законот се укинува ограничувањето на бројот на лиценците кај посебните игри на среќа, а кај општите игри се зголемуваат.

Се доредуваат одредбите во законот со кој се определува приредувачите да формираат фонд за резерви . Истите се менуваат во насока на поголема сигурност и поголема заштита на играчи.

Со законот странски лица може да организираат посебни игри на среќа, доколку направат вложување во земјата од најмалку 5 милиони евра и вработат 250 лица, државјани на Република Македонија.

Исто така со законот се регулира и пристапот до уредите на игри на среќа, преку средствата за телекомуникации, и интерактивните игри на среќа.

Се воведува посебна давачка за игрите на среќа, во износ од 15%, што беше направено со воведувањето на ДДВ, па така во еден период постоеше и празнина.

Исто така со законот се заоструваат и казнените одредби. Тоа би било на кратко за поглавните измени во Законот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Има збор г-динот Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Се извинувам г-дин претседател. Бидејќи министерот образложи за Законот за игри на среќа кој го носиме, за кладилници не постои никаде. Јас тоа не можев никаде да го најдам во законот.

Дали тоа е прифатено во овој закон, или е ставено во некој друг закон.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Кладилниците се регулирани со овој закон.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи овој закон го содржи и тоа.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Законодавно-правната комисија поднесе амандман на член 2, член 6, член 8 став 1 и 2, член 9 став 1 и 5, за менување на член 11, за менување на член 12, член 16 став 2, член 25, член 37 став 3 и 4, член 43 став 1 во уводната реченица, член 43 во новиот член 48-б став 2 точка 1, член 43 во новиот член 48-з и на став 2 , член 43 во новиот член 48 и став 1, член 43 во новиот член 48-ј, став 1 и 1 и 2, член 43, во новиот член 48-к и на став 1, член 43 во новиот член 48-л став 1 и 2, член 43 во новиот член 48-ј став 1, член 43 во новите членови 48-н, став 1 и 3 и 48-м, член 45 став 1, член 48 во уводната реченица, за менување на член 32, член 55 став 3 во уводната реченица, член 61 став 4, член 62 во новиот член 79-а став 3 и 4, член 66 став 1 во уводната реченица, член 69 став 1, член 79 во уводната реченица на членовите 74 став 1, 75 став 1 и 5, член 76, член 77 став 1 и член 78 став 1 и на членовите 75 став 6, член 77 став 2 и на член 78 став 2.

Пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова поднесоа амандмани на бришење на член 6 за менување на член 14, за менуваше на член 18, за додавање нов член 25-а, по членот 25 и за бришење на членовите 61 и 62, по кој Владата не се произнела.

Владата на Република Македонија поднесе амандмани на член 79 став 2 за менување на алинеите 1,2 и 3 и истиот го повлече.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 79 став 2, за менуваше на алинеите 1,2 и 3 и за додавање две нови алинеи и истиот го повлече.

Пратеникот Делче Ицков поднесе амандман на член 61, за менување на ставовите 1 и 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:** (Продолжение)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 6 поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова. .

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор.

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Г-дин претседател, почитувана господа амандманот го предлагаме од причина што сметаме дека дополнувањето на член 7 од постојниот Закон со кое се овозможува Република Македонија практично -повторно да формира своја државна лотарија и да ги приредува самостојно сите општи игри на среќа би го вратиле процесот на развојот на игрите на среќа, бидејќи и западните земји кои имаат класична државна лотарија веќе одат кон нивна приватизација. Така можат да се најдат примери паралелно да егзистираат и државни и приватни лотарии,но во тој случај државната лотарија не може да се бави со што сака, туку само со законот определените игри, односно само со некоја од игрите, а не со сите, а другите игри се даваат на одделни приредувачи. Државната лотарија е во постепено изумирање и преминување во приватни води, се разбира со контрола од страна на државата. Навистина не може да се најде пример таму каде што еднаш е почната приватизацијата на државната лотарија повторно да се формира нова државна лотарија. Оттука еднаш веќе приватизира Лотарија на Македонија и тоа по сила на Законот за игри на среќа и со забавните игри со што е изразена државна волја да се приватизира оваа дејност сега со новото изменување и дополнување на Законот кое практично води кон нова државна лотарија би се ставила во безизлезна положба. Впрочем онака како што се предлага во измените на Законот новата државна лотарија би ги ставила во нерамноправна положба и сите други приредувачи на игри на среќа што е спротивно на Уставот и позитивните законски прописи. Од тие причини сметам дека предложеното дополнување на одредбата на член 7 од постојниот Закон треба да изостане.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Вкупно гласале 54 пратеници, 14 пратеници гласале за, 5 гласале воздржано и 35 гласале против.

Ве молам да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 9 став 1 и 5 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менуваше на член 11 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 14 поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Со предложената измена на постојниот член од Законот за игри на среќа се скратува можноста на приредувачите на игри на среќа да може да организира игри на среќа со странски приредувачи со образложени* дека тоа не било изводливо заради тоа што се во прашање различни валути и различни прописи со кои се уредуваат игрите на среќа. Меѓутоа овде не се има во предвид една мошне едноставна работа , а тоа е дека за ваквите игри е потребно одобрение од Владата што на сето ова му дава една поинаква димензија. Мислам дека овој амандман бидејќи се бара посебно одобрение од страна на Владата на Република Македонија и би било под контрола на Владата на Република Македонија дека треба да се прифати.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 15 пратеници гласале, за , 7 воздржани и 37 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отварам претрес по амандманот на член 16 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 18 поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 12 пратеници гласале за, 5 гласале воздржано, 42 гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Отворам претрес по амандманот на член 25 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 25-а по членот 25 поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, 12 пратеници гласале за, 6 пратеници гласале воздржано, 41 пратеник гласале против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 став 1 во уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 во новиот член 48-в став 2 точка 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 во новиот член 48-ѕ и на став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 во новиот член 48 и став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 во новиот член 48-ј став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 и во новиот член 48-к и на став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 и во новиот член 48-л став 1 и 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласно повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 и во новиот член 48-љ став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 43 во новите членови 48-м став 1 и 3 и 48-н поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 4 5 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 48 во уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 52 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 55 став 3 во уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на членовите 61 и 62 поднесен од пратениците Чедо Петров, Љупчо Анушев и Наталија Марковиќ-Димова.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор?

**ЧЕДО ПЕТРОВ:**

Образложението за поднесување на овој амандман е следното. Амандманот го предлагаме од причина што со предложениот член со кој се менува содржината на член 7 9 од постојниот Закон се воведуваат превисоки такси за маси во играчници, 5 илјади германски марки за рулет и 3 илјади германски марки за блек-џек како и за автомати за игри на среќа од 800 германски марки. Исто така, предлогот да се додаде одредба новиот член 79-а со која се воведува дополнителен данок од 15% практично значи дека приредувачите не само што не би имале профит, туку би работеле и со загуба. Тоа не може да биде во интерес на државата, бидејќи приредувањето на оваа игра практично ќе замре.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, 8 пратеници гласале за, 6 воздржани и 42 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 61 за менување на ставовите 1 и 2 поднесен од пратеникот Делче Ицков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 61 став 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 62 во новиот член 79-а став 3 и 4 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 66 став 1 во уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 6 9 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласила Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на член 7 2 во уводната реченица поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 7 4 став 1,75 став 1 и 5, 76, 77 став 1 и 78 став 1 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 75 став 6, 77 став 2 и78 став 2 поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 68 присутни пратеници 63 пратеници гласале, 53 пратеници гласале за , 5 пратеници гласале воздржано и 5 пратеници гласале против.

констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за игрите на среќа и за забавните игри.

**СТОЈАН АНДОВ**: (Продолжение)

Минуваме на точка 19 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за финансии, господинот Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Би кажал накратко неколку реченици околу понудените измени и дополнувања на Законот за осигурување. Постојниот закон е донесен во 1997 година со измени и дополнувања во 1999 година и основни мотиви за донесување се заложбите на Република Македонија за интеграција во европските економски текови ставено во контекст на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија, согласно која Република Македонија се обврзува да изврши усогласување на позитивните законски прописи со регулативата на Европската Унија во период на спроведување на Спогодбата. Измените на законот се насочени кон понатамошно усогласување на одредбите во Законот со директивите и насоките за осигурување на Европската Унија. Предложените измени се и во насока на либерализација на пазарот на осигурување во земјата и креирање на поагресивен пристап во привлекување на странски капитал во дејноста, пред се, преку изедначување на третманот на домашните и странските инвеститори. Либерализацијата е извршена и на полето на реосигурување преку законска можност за слободна определба на друштвата за осигурување за пласирање на вишокот на ризик над максималниот самопридржај во реосигурителни друштва во земјата или пак во странство, што е во согласност со директивите на Европската Унија.

Значаен момент на новите измени е воведен со овозможувањето од почетокот на 2006 година, правните и физичките лица од Република Македонија да се осигуруваат во странство, што внесува поширок дух на конкуренција на осигурителниот пазар во земјата и ќе придонесе за зголемување на ефикасноста и продуктивноста на работењето на друштвата за осигурување, како и развој на нови производи и услуги и примена на нови методи во работењето. Со цел за создавање на основа за ефикасно извршување на супервизорската функција на Министерството за финансии, односно вршење на ефикасен надзор над работењето на друштвата за осигурување, делот од Законот кој го регулира работењето на друштвата за осигурување, претрпе суштински измени. Со измените попрецизно се уредуваат начините за вршење на адекватна суперревизија од страна на Министерството за финансии во смисла на овозможување на редовна и дополнителна теренска и вонтеренска контрола во друштвата за осигурување и се дополнуваат мерките кои ќе се преземат, доколку при надзорот бидат утврдени одредени незаконитости.

Со измените се пополнува и празнината во делот на законот кој го регулира задолжителното осигурување со вклучување на осигурувањето од одговорност за штети причинети на трети лица од сопствениците, корисниците на шински возила, како и со одредување на минимални суми на осигурувањето од одговорност за штети причинети на трети лица од сопствениците корисниците на воздухопловни и пловни објекти. Со предложените измени се овозможува друштвата за осигурување своите деловни книги, годишни и финансиски извештаи да ги изготвуваат врз основа на меѓународните сметководствени стандарди и како резултат на

досегашното меѓународно искуство со новите измени на Законот за осигурување С9 создаваат можности за формирањ9 на осигурителни брокерски друштва на македонскиот осигурителен пазар.

Одредбите од законот кои се однесуваат на работата на осигурителнит9 брокерски друштва ќе стапат во сила на 1.10.2001 година, со што се остава доволно време за оценка на состојбите на македонскиот осигурит9Л9н пазар за влез на институции од ваков вид. Во целина измените на Законот за осигурување се насочени кон креирање на добро регулиран осигурителен пазар во земјата, кој ќе ги почитува конкуренцијата и професионалното, отворен за нови инвестиции и кој ќе подлежи на адекватна стручна и постојана суперревизија. Тоа 6и било накратко вака од поважните измени што се предложени денеска пред Парламентот.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам,

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за осигурување.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници. Од тоа 57 гласале "за", еден пратеник гласал "воздржано", еден пратеник гласал "против".

Имаме доволно пратеници, само некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве молам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 61 гласале. 58 пратеници гласале "за", двајца гласале "воздржано", еден пратеник гласал "против".

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по предлогот на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Законодавно правната комисија поднесе амандмани на член 3 став 1, член 6 став 2 и 3, член 8 за менување на став 3, член 9 во новиот член 8-а во уводната реченица на ставот 2, член 12 за менување на уводната реченица на ставот 1 и за бришење на уводните реченици на став 2 и на став 3 за менување на член 23, член 3 и 4 во уводната реченица и на новиот член 33-в став 2 точка 1, член 34 во новиот член 33-г став 1 во уводната реченица, член 37, член 51, член 66 во новиот член 101-а став 1 во уводната реченица и на став 2, член 87 став 3 во уводната реченица и на член 91.

Пратеникот Александар Пандов поднесе амандман на член 83 за додавање нов став 2, по ставот 1, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 8 за менување на став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 9 во новиот член 8-а во уводната реченица на ставот 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 12 за менување на уводната реченица на став 1 и за бришење на уводните реченици на став 2 и став 3, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 23, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 34 во уводната реченица и на новиот член 33-в, став 2 точка 1, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 34, во новиот член 33-г став 1 во уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 37, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 51, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ**:

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 66 во новиот член 101-а, став 1 во уводната реченица и на став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 83 за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Александар Пандов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 87 став 3 во уводната реченица, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 91 став 2, поднесен од ЗПК.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 64 присутни пратеници, 61 пратеник гласале.

55 пратеници гласале "за", четири пратеници гласале "воздржано", двајца пратеници гласале "против".

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за осигурување.

Ве молам, дали има расположение да работиме уште?

(Реакцијата на пратениците е дека нема расположение).

Тогаш, ќе работиме утре од 14,00 часот, повторно до 19,00 часот, заради тоа што две комисии работат. Тоа се комисии кои ја врзуваат работата за прислушувањето, тие работат и да не им сметаме, нека работат.

Седницата заврши со работа во 19,10 часот.